

## ВМРО-ДПМНЕ : Уште еднаш се потврди во судница дека матните зделки во Меѓународен сојуз биле правени под покровителство на Заев

Вчерашното сведочење на обвинетиот Бојан Јовановски во случајот Меѓународен сојуз потврди дека Зоран Заев стои зад секоја матна зделка и корупција во Македонија. Впрочем ова уште еднаш покажува дека сите рекетирани пари во Македонија треба да се бараат кај Зоран и Вице Заеви.

Ако имаше правна држава после вчерашните тврдења на Јовановски обвинителството ќе го повикаше на распит Зоран Заев да одговори каква била неговата улога во спорната зделка меѓу бизнисмените и Меѓународниот сојуз. Како што сведочеше обвинетиот Јовановски за оваа зделка знаеле Зоран Заев, Александар Кирацовски и Стефан Богоев. Како што изјавил и бизнисменот Амзовски ваквите зделки ги правел само затоа што политичари од власта тоа му го советувале. Сведоштвата потврдуваат дека Зоран Заев знаел за работењето на Меѓународниот сојуз кој сега е предмет на судски прогон, бил добро информиран и давал поддршка активностите.

Ова значи дека сите активности за кои сега се товари меѓународниот сојуз биле правени под покровителство на Зоран Заев, само што обвинителството и судството во Македонија се ставени под канџите на Заев и не смеат да ја истражат неговата улога. Секое споменување на неговото име во судница е строго забрането, а секое обвинение кое се поврзува со него завршува или во фиока или со нова „аболиција“

Заев треба да знае дека правдата можеби е бавна, но ќе пристигне.